# В О В Е Д

## П о ј д о в н и о с н о в и н а и с т р а ж у в а њ е т о

Во последните децении, особено во високоразвиените стопанства, пазарот се најдува во центарот на вниманието на деловните луѓе. Па, заради тоа и појдовните основи во истражувањето ќе ги насочиме кон тоа дека и планирањето треба да е во центарот на вниманието. Него ќе го разгледаме од следните аспекти:

- дали пазарот и планирањето како комплементарен маханизам се запоставени и какво им е местото во целината на системот.
- дека во рамките на пазарот и планот ќе бараме излез од определена ситуација и
- анализирање на контрадикторностите кои ги согледуваме во натамошниот текст, а со цел да се дојде до што пообјективна валоризација на улогата на планот и пазарот со посебните карактеристики на системот на општествената репродукција, конкретно во мала средно развиена земја.

И покрај тоа што постојат доста совпаѓања во системот, организирањето и дејствувањето на досегашниот пазар на овие простори и т.н. "класични" пазари на современиот капитализам, разликите беа од таква природа што во значителна мера ги определуваа нивните суштински разлики. Разликите се согледуваа во следното:

- Во основата на досегашниот систем ја имавме суштината на административните општествено-економски односи, кои ја определуваа ситуацијата во која требаше да дејствуваат конкурентските партнери стопанските претпријатија;
- Својата дејност учесниците на пазарот ја извршувале со средствата предимно во државна и општествена сопственост;

Од тоа произлегуваа и сите последици при одлучувањето и стопанисувањето, во согласност со нормативните акти.

Сето тоа само по себе доволно укажува во системските разлики во самата суштина на пазарот како економска категорија и за капиталистичкиот и за социјалистичкиот општествен систем, во чии рамки и системот на планирање.

Но, однапред да спомeнеме дека рамката на вака посочената проблематика не не ограничува, туку напротив, не стимулира комплетната проблематика на меѓусебните совпаѓања или разлики во третманот и значењето на пазарот и планот како механизми кои по пат на својата објективна сила ќе овозможуваат непречено извршување

на процесот на репродукцијата, да ги анализираме од следните аспекти:

Пазарниот механизам како регулатор на производството кога пазарот се јавува во функција и како средство за контрола на рационалноста и ефикасноста при стопанисувањето овозможува воведување на објективни економски законитости во сферата на општествено-економските односи, кои ја детерминираат положбата на стопанските субјекти во примарната распределба на доходот, при создавањето на материјалната заинтересираност, мотивираноста, спроведувањето на општата рационализација на производните трошоци и подигнување нивото на продуктивноста.Како појдовни основи се Законот за пропорционалната распределба на општествениот фонд на трудот и потребата од еквивалентна размена врз основа на цената на производството и прелевањето на вишокот на вредноста во рамките на националната економија.

Треба да се истакне и тоа дека и самиот пазар - регулатор мора да биде регулиран, а најповолно ќе биде регулиран со помошта на рационален и ефикасен систем на општественото планирање.

Исто така, планирањето како рационално и координирано насочување на развојните текови во земјата, односно на поединечните стопански и општествени единки, досега имаше се повеќе декларативно-формална функција, независно од реалните економски вредности и категории. Па, како резултат од сето тоа се: ограничувањето на дејството на објективните пазарни закономерности од една страна и дејствовото преку планирањето на развојната политика, од друга страна.

Од аспектот на развојата политика се наметнуваат и прашањата:

- Поранешниот југословенски пазар, кој со одлуките и праксата на републичко-покраинската бирократија и етатизам беше разделен и етатистички распарчен до крајно економски неприфатливи граници.

- Развојната политика нужно се сведуваше на краток рок затоа што така повеќе им одговараше на стопанските субјекти, што може да се види од изборот на методите, начинот и формите при работењето.

- Отсуството на мотивираност, а и запоставување на развојот, примената на нови научно-технички достигнувања и нестимулативен однос кон креативната способност на работната сила.